# ЗА ПАТРОНОТ КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ





## Круме Волнароски (1909 - 1944)

Круме Ицков Волнароски (Коле, Коља) е роден во 1909 година во Прилеп. Круме бил едно од петте деца на Арсена и Ицко Волнароски. Основното образование го завршил во локалното училиште со одличен успех и се запишал во гимназија. Средното образование исто така го завршил со солиден успех, а особен интерес покажал за математика. Уште од мали нозе Круме помагал во дуќанот заедно со неговиот вујко Цветан, особено кога неговиот татко имал работа подалеку. Иако сакал да го продолжи своето образование, неговите не му го допуштиле тоа, па го пратиле да работи како трговец кај трговското семејство Попевци. Како младо момче покажал особен интерес кон физичката активност и често посветувал време за физички активности.

Воениот рок го отслужувал во Вршац, Србија, во период кога кралот Александар Караѓорѓевиќ, на 6 јануари 1929 година извршил државен удар во Кралството Југославија. Во тој период Круме Волнароски започнал да размислува на политички план и зел активно учество во изборната кампања во 1935 година. Во меѓувреме, во Битола, каде бил испраќан како трговец, се запознал со неговата идна сопруга Даница и се венчале во 1937 година.



Поради своите активности во политиката и активизмот на Здружената опозиција, тој во 1938 година бил прогласен за најактивен пропагандист на идејата. Волнароски бил и еден од потписниците за тоа Методија Андонов Ченто да биде на списокот на Здружената опозиција. Во 1940 година Круме Волнароски зел активно учество во вежбите во Кичево. На професионален план, Круме имал одлична соработка со Ченто и тие ги здружиле трговиите. Ченто имал ан, а Круме бакалница. Тогашните локални власти се посомневале дека во анот и бакалницата се собираат антифашисти.



КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ МЕЃУ СВОИТЕ ИСТОМИСЛЕНИЦИ



НАПРЕДНИ МЛАДИНЦИ ОД ПРИЛЕП

По нападот на Нацистичка Германија врз СССР, Круме и Ченто пуштиле проглас на ПК на КПЈ за Македонија низ Прилеп. Тоа било проследено со апсење и тортура. Тие биле ослободени откако не признале ништо за нивниот политички активизам. Како симпатизер на КПЈ, активно учествувал во собирањето Црвена помош. Станал член на КПЈ во 1941 година и работел во Партиската техника на МК на КПЈ во Прилеп, а како илегалец во 1942 и 1943 година во прилепските села собирал народна помош и формирал воени комитети и НОО.

Во неговата куќа имал изградено солидна скривница во која се формирала помошна техника. Круме имал задача да слуша радио-вести, да ги пишува со рака, бидејќи имал убав ракопис и да ги испраќа истите на печатење. Сите вести на билтенот „Народен глас“ од 1942 година биле од Круме.




Во 1943 година имал задача да оди по прилепските села и да формира народно-ослободителни одбори. Оваа задача ја завршил со особен голем успех во рок од 3 месеци. Во тој период формирал мрежа на одбори во Коњаријата и Тополчанско. Тој се стекнал со големи симпатии меѓу луѓето. Поради овој успех, тој станал секретар на ОК на КПМ, во периодот на 1943/1944 година. Како негова помош му пристигнал Кире Гаврилоски.




Со голем успех Круме зел активно учество и во Богомилскиот поход, а особено при дејствата во февруари 1944 година на Првата македонско - косовска ударна бригада. Најголем дел од своето делување го поминал на терен.

Како секретар на ОК на КПМ, во периодот на 1943/1944 година, учествувал во активностите за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ.

Ноќта на 8 кон 9 мај 1944 година Круме и Кире Гаврилоски биле во куќата на Милан Милисавлевски. Во куќата се собрале сите кандидати за првите народни пратеници на Македонија. Таму останале цела ноќ. По средбата Гаврилоски и Волнароски останале во куќата, каде што бил состанокот. Во 11 часот на 9 мај им стигнала порака од МК со наредба веднаш да ја напуштат куќата зашто биле предадени, но веќе било доцна. Бугарската полиција дознала за средбата и ја опколила куќата. По неколкучасовна борба, од полицијата бил подметнат пожар во куќата. Волнароски бил погоден на куќниот праг, но Гаврилоски не се предавал, извикувал антифашистички пароли и низ пламените пукал кон полицијата.




Откако ја потрошил муницијата, Кире Гаврилоски се самоубил, а Круме Волнароски бил заробен и на 9 мај 1944 година, по долгото мачење, им подлегнал на повредите.

За предавството на Кире Гаврилоски и Круме Волнароски на бугарските власти била обвинета и осудена на смрт Вера Ѕвездова. Смртната пресуда на Воениот суд на Битолската воена област над неа е извршена во пролетта 1945 година.

Круме Волнароски е прогласен за народен херој на Југославија на 11 октомври 1953 година.



**Нему - славата нека му е вечна.**
**Нам - неговата порака, поука и пример!**

